# Албанскиот министер за земјоделство Едмонд Панарити и Министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство Љупчо Димовски на работна средба со претставници од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој



Денес во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој претставници од Агенцијата одржаа работна средба со Албанскиот министер за земјоделство, храна и заштита на потрошувачите г.Едмонд Панарити и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г. Љупчо Димовски.



На средбата албанскиот министер беше запознаен со работата на Агенцијата, беа презентирани активностите кои се превземаат во однос на реализација на мерките од националните програми за финансиска поддршка и ИПАРД Програмата ,како и ефикасното управување со истите. Во делот на работните процеси на Агенцијата истакната беше и важноста на секторот за информатичка технологија како безбедносен систем на институцијата.

Потенцирана беше и меѓународната соработка на платежната агенција со платежните агенции во регионот и пошироко со цел размена на знаења и искуства во областа на користењето на претпристапните фондови за рурален развој.